Известување за концентрација со која Н7 ДЕФЕНС ХОЛДИНГ ЗАРТКОРУЕН МУКОДО РЕСЗВЕНИТАРСАСАГ Будимпешта, Унгарија ќе стекне контрола над КОЛТ ЦЗ ХУНГАРИ ЗАРТКОРУЕН МУКОДО РЕСЗВЕНИТАРСАСАГ Кискунфелегјхаза, Унгарија
(предмет бр. 08-159/2026)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 12.11.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **Н7 ДЕФЕНС ХОЛДИНГ ЗАРТКОРУЕН МУКОДО РЕСЗВЕНИТАРСАСАГ (N7 Defence Holding Zártkörűen Működő Részvénytársaság)** е акционерско друштво со регистрирано седиште на ул. Асзталос Сандор ут 2, 1087 Будимпешта, Унгарија ќе стекне контрола над **КОЛТ ЦЗ ХУНГАРИ ЗАРТКОРУЕН МУКОДО РЕСЗВЕНИТАРСАСАГ (Colt CZ Hungary Zártkörűen Működő Részvénytársaság)**, со регистрирано седиште на ул. Бем Јозсеф ут 1, 6100 Кискунфелегјхаза, Унгарија.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

Н7 ДЕФЕНС ХОЛДИНГ ЗАРТКОРУЕН МУКОДО РЕСЗВЕНИТАРСАСАГ е акционерско друштво со регистрирано седиште на ул. Асзталос Сандор ут 2, 1087 Будимпешта, Унгарија. Тоа е унгарско холдинг друштво чија главна дејност е дејност на холдинг компании, односно ја обединува сопственоста врз различни средства од одбранбената индустрија.

Н7 ДЕФЕНС ХОЛДИНГ ЗАРТКОРУЕН МУКОДО РЕСЗВЕНИТАРСАСАГ има едно поврзано правно лице во Република Северна Македонија, а тоа е Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ МАКЕДОНИЈА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје, друштво со ограничена одговорност, се регистрирано седиште на ул. Црвена Вода број 7/3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, чија што приоритетна дејност е на безжични телекомуникации.

КОЛТ ЦЗ ХУНГАРИ ЗАРТКОРУЕН МУКОДО РЕСЗВЕНИТАРСАСАГ е акционерско друштво со регистрирано седиште на ул. Бем Јозсеф ут 1, 6100 Кискунфелегјхаза, Унгарија, чија главна дејност е производство на лесно (малокалибарско) оружје.

КОЛТ ЦЗ ХУНГАРИ ЗАРТКОРУЕН МУКОДО РЕСЗВЕНИТАРСАСАГ нема поврзани лица во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар за производство и снабдување со лесно (малокалибарско) оружје оружје за воени, полициски и други корисници од безбедносниот сектор за територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

16.11.2026 година
Скопје